Силата на зборовите

Куќи и кули се sидаат со тули,
се sидаат и огради на дворови,
но тоа е нешто сосема друго,
песни се sидаат со зборови.

Секој збор по нешто кажува,
со збор и sвезда се подлажува,
и сонце в очи се населува,
и гладен страден развеселува.

Кога збор со зборови ќе се здружи,
војска е тоа што пука со ружи,
од ружите в срце пламнуваат зори
и крвта зажарува, како вулкан гори.

Зборови има многу и секакви,
убави, грди уште некакви,
со нив се плетат разговори,
се водат војни и спорови.

Зборови, зборови маѓосни,
често сте птици најрадосни,
имате сила што лекува,
со вас се расте и векува!

Стојан Тарапуза

LIVEWORKSHEETS

Објасни го насловот на песната ----------

Напиши најсилен стих според твое мислење ----------

Запиши стих со силно изразено чувство и чувствосто ----------

Рима

Паралелна	вкрстена	обгрлена

Мотив:

LIVEWORKSHEETS